Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

# DIFERAL

## COMPETENCE FRAMEWORK

## 2024-2026

**Oloklirosi** – Greece (Coordinator)
**CSCI** – Consorzio Scuola Comunità Impresa – Italy
Eco **Logic** – North Macedonia
**7th General Lyceum of Heraklion** (7th GEL) – Greece
**SYKLI** – Environmental College – Finland
**Zespol Szkol nr 1 w Suwatkach** – Poland

**Commented [1]:** Design:
DIFERAL Рамка на компетенции
2024-2026

Oloklirosi – Грција (координатор)

CSCI – Конзорциум училиште - Заедница-бизнис – Италија

Граѓанска организација Еко Логик – Северна Македонија

7. Општа гимназија Ираклион (7th GEL) – Грција

SYKLI – Еколошки колеџ – Финска

Zespol Szkol nr 1 w Suwalkach – Полска

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

# DIFERAL Рамка на компетенции

## Диференцирана настава за животната средина за сите

Европска рамка за инклузивно и диференцирано еколошко образование, наменета за поддршка на едукатори во креирање флексибилни, ангажирачки и правични искуства за учење.

**Подготвено како дел од Еразмус+ проектот DIFERAL**
**Времетраење на проектот: 2024–2026**
**Датум: 31 мај 2025**
**Координатор: Oloklirosi**

**Партнерски организации:**

- **Oloklirosi – Грција (координатор)**
- **CSCI – Конзорциум училиште - Заедница-бизнис – Италија**
- **Граѓанска организација Еко Логик – Северна Македонија**
- **7. Општа гимназија Ираклион (7th GEL) – Грција**
- **SYKLI – Еколошки колеџ – Финска**
- **Zespol Szkol nr 1 w Suwalkach – Полска**

Оваа рамка служи како основа за развој на DIFERAL MOOC (масовен отворен онлајн курс) и дополнителни едукативни ресурси.
Наменета е за наставници, обучувачи, креатори на наставни програми и носители на образовни политики.

Како да се користи оваа рамка: Водич за брз почеток – стр. 4
Предговор – стр. 7
Дефиниција – стр. 7
Опфат – стр. 7
Усогласување со целите на DIFERAL – стр. 8
Клучни карактеристики – стр. 8

1. Структура на рамката – стр. 8
2. Табела со преглед на компетенции – стр. 11
3. Нивоа на стручност во рамката на компетенции DIFERAL – стр. 11
Преглед – стр. 11
Опис на нивоата на стручност – стр. 12
Ниво – стр. 12
Опис – стр. 12
Напредок на компетенциите според области – стр. 12
Примена на нивоата на стручност – стр. 15
4. Примери за описи на компетенции – стр. 15
5. Поврзување на рамката со MOOC курсот и ресурсите – стр. 17
Глосар на клучни термини – стр. 20

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

## Како да се користи оваа рамка: Водич за брз почеток

Рамката на компетенции DIFERAL поддржува инклузивно и диференцирано подучување фокусирано на животната средина низ цела Европа. Без разлика дали сте едукатор, обучувач или креатор на наставни програми, овој водич ќе ви помогне да започнете.

**Чекор 1: Истражете ги 5. клучни области**

Рамката е организирана во пет суштински области:

- **Педагошки компетенции** – Дизајнирање диференцирани часови, активно учење и инклузивно управување
- **Еколошко образование** – Подучување за одржливост, климатски прашања и реални еколошки активности
- **Инклузивно образование** – Поддршка на разновидноста и еднаквоста кај учениците
- **Дигитални и технолошки компетенции** – Користење достапни и приспособливи алатки за зголемување на вклученоста
- **Евалуација и рефлексија** – Оценување на резултатите и постојано унапредување на наставната практика

Секоја област вклучува конкретни компетенции опишани на три нивоа (основно – средно – напредно), со примери што помагаат при имплементацијата.

**Чекор 2: Идентификувајте го вашето тековно ниво на стручност**

Секој едукатор започнува од различна точка, и тоа е сосема во ред. Трите нивоа овозможуваат флексибилен пристап:

- **Основно** – Почнувате да ја применувате практиката со водство
- **Средно** – Сигурно ја применувате во различни училишни контексти

- **Напредно** – Иновирате, менторирате или водите инклузивна наставна практика

Не мора да бидете на исто ниво во сите области. Целта не е секогаш да се работи на напредно ниво во секој час, туку да се вклучат елементи од различни нивоа според потребите на учениците.

**Чекор 3: Фокусирајте се на 1-2 области одеднаш**

Почнете со мала, достижна цел:

- Изберете 1 или 2 компетенции што одговараат на вашиот наставен контекст
- Користете ги примерите од рамката за да го насочите планирањето на часовите
- Рефлектирајте за вашите сегашни практики и адаптирајте се оттаму.

**Чекор 4: Користете ја рамката како водич за учење и дизајн**

Рамката не е само за личен развој, таа е алатка за:

- Планирање обуки за наставници и развој во училиштето
- Дизајнирање инклузивни и диференцирани наставни ресурси и лекции
- Поддршка на создавањето на претстојниот DIFERAL MOOC, кој ќе се гради врз оваа структура
- Поттикнување соработка меѓу колеги, училишта и засегнати страни.

**Започнете од таму каде што сте. Градете понатаму.**

Оваа рамка е водич, а не контролна листа. Користете ја за да размислувате, планирате, напредувате и да се поврзувате.

**Commented [2]:** Design
DIFERAL Рамка за компетенции
Компетенции за еколошко образование
Компетенции за инклузивно образование
Педагошки компетенции
Дигитални компетенции
Евалуација и компетенции за рефлексија


DIFERAL Competence Framework Map
Environmental Education Competencies
Inclusive Education Competencies
Pedagogical Competencies
Digital Competencies
Evaluation and Reflection Competencies

## Предговор

## Дефиниција

Рамката на компетенции DIFERAL претставува структуриран водич кој ги идентификува клучните компетенции потребни за едукаторите за ефективно спроведување диференцирана настава во контекст на еколошко образование. Таа служи како флексибилен водич за планирање инклузивна и диференцирана настава, помагајќи им на едукаторите да одговорат на различните потреби на учениците, истовремено поттикнувајќи еколошка свест и одговорно однесување.

Оваа рамка е директно усогласена со мисијата на DIFERAL за промовирање инклузивни и одржливи наставни практики. Рамката не е наменета да ги замени националните наставни програми, туку да им понуди на едукаторите приспособливи принципи и стратегии што можат да се применат во различни образовни контексти.

### *Достигнувања и цели*

Рамката има цел да ги оспособи едукаторите со компетенции потребни за да:

- применуваат инклузивни, насочени кон учениците и диференцирани наставни стратегии;
- интегрираат еколошко образование на смислен начин во различни наставни програми и контексти;
- користат дигитални алатки и иновативни пристапи за поддршка на различни ученици;
- рефлектираат врз сопствената практика и да учествуваат во колегијално и тимско учење за континуирано унапредување.

Исто така, таа служи како референција за дизајнирање на DIFERAL MOOC курсот и другите ресурси низ целиот проектен циклус.

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

## Опфат

Оваа рамка е наменета за:

- наставници во основно и средно образование низ Европа, вклучувајќи ги и оние што работат со ученици од различно културно, јазично и социо-економско потекло, како и со ученици со посебни образовни потреби. Може да се адаптира според потребите на едукаторите што работат во различни средини, вклучувајќи и средини со ограничени ресурси или технолошка инфраструктура;

- едукатори и обучувачи на наставници кои сакаат да го унапредат квалитетот на еколошкото образование;

- образовни институции и носители на политики заинтересирани за усвојување инклузивни и диференцирани стратегии.

## Усогласеност со целите на DIFERAL

Оваа рамка на компетенции директно ги поддржува општите цели на проектот DIFERAL преку:

- Унапредување на инклузивното и квалитетно подучување во еколошко образование.

- Оспособување на едукаторите со практични, применливи вештини.

- Промовирање диференцирани пристапи што ги подобруваат вклученоста и резултатите на учениците.

- Осигурување дека еколошкото образование е културно релевантно и чувствително на контекстот.

## Клучни карактеристики

Рамката е структурирана во пет главни области:

1. **Педагошки компетенции**

2. **Компетенции за еколошко образование**

3. **Компетенции за инклузивно образование**

4. **Дигитални и технолошки компетенции**

5. **Компетенции за евалуација и рефлексија**

- Секоја област вклучува конкретни компетенции, дефинирани преку три нивоа на стручност (основно, средно, напредно).

- Компетенциите се поврзани со специфични модули од DIFERAL MOOC курсот обезбедувајќи континуитет од теорија кон практика.

- Практичните примери и реалните апликации им помагаат на едукаторите со самодоверба да ги имплементираат стратегиите.

- Рамката е приспособена за различни нивоа на искуство — новите наставници може да почнат од основните елементи, а поискусните да применуваат или да водат напредни практики.

- Поддржува флексибилен влез — едукаторите може да се фокусираат на одредени области според својата тековна практика и контекст.

## 1. Структура на рамката

**Рамката на компетенции DIFERAL** е организирана во пет клучни области. Секоја од нив претставува основен сегмент од експертизата што едукаторот треба да ја поседува за да спроведе **диференцирана настава во еколошко образование**. Овие области ги водат компетенциите што се инклузивни, практични и културно приспособени.

Секоја област содржи јасно дефинирани компетенции, поддржани со нивоа на стручност и реални примери. Структурата овозможува постепен напредок на едукаторите во секоја област, додека соодветните **MOOC модули** обезбедуваат насочена обука усогласена со тие компетенции.

### *1. Педагошки компетенции*

Едукаторите треба да бидат способни да:

- дизајнираат и спроведуваат диференцирани наставни планови приспособени на широк спектар на ученички профили и способности;
- применуваат инклузивни техники за управување со одделение што промовираат еднаквост, учество и вклученост.

 Поврзано со MOOC Модул 1: Основи на диференцирана педагогија

***2. Компетенции за еколошко образование***

Едукаторите треба да бидат способни да:

- подучуваат клучни еколошки концепти како што се одржливост, биодиверзитет, климатски промени и еколошка правда;
- интегрираат реални и заеднички базирани еколошки проблеми во планирањето на часовите со цел решавање проблеми и системско размислување;
- поддржуваат проекти водени од ученици кои ја поврзуваат наставната содржина со локални и глобални еколошки предизвици.

 Поврзано со MOOC Модул 2: Интегрирање на еколошкото образование со диференцирана настава

***3. Компетенции за инклузивно образование***

Едукаторите треба да бидат подготвени да:

- препознаат и адресираат различни пречки во учењето, вклучувајќи јазични, когнитивни, социо-емоционални, културни и физички фактори;
- создадат училница со клима која е пријателска, безбедна и потврдувачка за сите ученици, без разлика на нивното потекло или способности;
- применуваат културолошки одговорни наставни стратегии и да диференцираат според контекстот и искуствата на учениците, особено кога се обработуваат еколошки теми кои можат да бидат различно перципирани низ културите и заедниците;
- соработуваат со семејствата, поддржувачкиот персонал и заедницата за да ги подобрат инклузивните практики.

 Поврзано со MOOC Модул 3: Креирање инклузивни и културолошки одговорни средини за учење

***4. Дигитални и технолошки компетенции***

Едукаторите треба да бидат подготвени да:

- користат дигитални платформи, алатки и адаптивни технологии (на пр., софтвер за поддршка, алатки за еколошки податоци) за персонализација на наставата и поддршка на сите ученици;

- дизајнираат интерактивни и мултимедијални активности што поттикнуваат вклученост во еколошко образование и други наставни предмети;

- фасилитираат онлајн и комбинирано (blended) учење за континуирана, диференцирана настава.

 Поврзано со МООС Модул 4: Дигитални алатки за инклузивно и еколошко образование

### *5. Компетенции за евалуација и рефлексија*

Едукаторите треба да бидат способни да:

- развијат различни видови оценување, вклучувајќи постигнувачки и проектно-базирани процени кои ја одразуваат реалноста на еколошките задачи;

- користат формативна и сумирачка евалуација за приспособување на наставата и обезбедување правични резултати од учењето;

- размислуваат критички за наставните стратегии и резултатите од еколошкото образование користејќи повратни информации од колеги, ученици и ментори за подобрување на практиката.

 Поврзано со МООС Модул 5: Рефлексивна практика и процена базирана на компетенции

## 2. Табела за преглед на компетенции

| Област | Клучни компетенции |
|---|---|
| **Педагошки компетенции** | – Развивање и спроведување диференцирани наставни планови<br>– Користење разновидни наставни методи и инклузивни стратегии за управување со одделение |
| **Еколошко образование** | – Учење на клучни еколошки концепти<br>– Интеграција на реални предизвици и поддршка на ученички проекти |
| **Инклузивно образование** | – Идентификација и надминување на пречките во учењето<br>– Поттикнување инклузивна училишна средина и соработка со засегнати страни |
| **Дигитални компетенции** | – Користење дигитални и помошни алатки за поддршка на различни ученици<br>– Искористување онлајн платформи и достапни ресурси |
| **Евалуација и рефлексија** | – Оценување на ученичкото учење преку повеќе методи<br>– Рефлексија на наставната практика и адаптација врз основа на докази |

## 3. Нивоа на стручност во рамката на компетенции DIFERAL

### Преглед

Секоја компетенција во рамката е категоризирана во три нивоа на стручност што го прикажуваат напредокот на едукаторот во совладувањето на вештината. Овие нивоа обезбедуваат јасен пат за професионален развој помагајќи им на наставниците да препознаат каде се наоѓаат во моментот и како можат понатаму да ги развиваат своите способности.

Нивоата на стручност, исто така, служат како водич за дизајнот на DIFERAL MOOC курсот, кој нуди флексибилно, самостојно учење со сопствено темпо. Едукаторите може да работат со содржина што одговара на нивната тековна практика и постепено да напредуваат кон сигурна, инклузивна и иновативна настава.

***Напомена:*** *Не се очекува едукаторите веднаш да ги совладаат сите нивоа. Развојот е постепен и може да се разликува меѓу различните области на компетенции.*

| Ниво | Опис |
|---|---|
| **Основно** | Покажува почетно разбирање на клучните концепти. Ги применува во познати училишни ситуации со одредена поддршка или насоки. |
| **Средно** | Самостојно ги применува компетенциите во различни контексти. Ги приспособува стратегиите според потребите на различните ученици и сигурно применува инклузивни практики. |
| **Напредно** | Води или менторира други. Покажува иновација, лидерство и постојана рефлексија. Ги приспособува и развива практиките во сложени, реални средини. |

| Домен | Компетенција | Основно | Средно | Напредно |
|---|---|---|---|---|
| **Педагошки компетенции** | **Дизајн на диференцирани планови** | Разбира што значи диференцирање. Креира едноставни часови со избор или групирање. | Планира структурирани часови со scaffolding, флексибилно групирање на задачи. | Приспособува и иновира часови низ повеќе предмети со напредни стратегии. |
| | **Поттикнување активно учење** | Користи основни колаборативни задачи (парови, групни постери). | Применува истражувачко учење, проекти или обратни часови. | Води дизајн на ученички водени средини; менторира колеги. |
| | | Користи јасни правила и рутини; осигурува почит. | Управува со различни потреби, транзиции и | Води инклузивни практики на ниво на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Управување со училница** | | групна динамика инклузивно. | училиште; менторира или води тренинзи. |
| **Еколошко образование** | **Настава на клучни концепти** | Разбира и објаснува основни термини (одржливост, биодиверзитет, загадување). | Поврзува теми со животот на учениците со примери и медиуми. | Води интердисциплинарна настава за глобални и локални еколошки предизвици. |
| | **Интеграција на еколошки прашања** | Користи локални примери (потрошувачка на вода, рециклирање). | Дизајнира часови за климатски промени, Целите за одржлив развој, загадување. | Води ученички и заеднички проекти за справување со еколошки предизвици. |
| | **Поттикнување еколошка одговорност** | Поттикнува мали акции (намалување отпад, повторна употреба). | Поддржува планирање и водење иницијативи. | Води долгорочни проекти за застапување и системски промени. |
| **Инклузивно образование** | **Идентификување и справување со бариери** | Препознава основни потреби (тешкотии во читање, емотивен стрес). | Приспособува активности за мигранти и лица со попреченост. | Развива стратегии за културна, јазична и когнитивна разновидност. |
| | **Поттикнување инклузивна култура** | Креира почитувачка и пријатна средина. | Користи инклузивни материјали и воспоставува групни норми. | Води училишни иницијативи за интеркултурно разбирање и инклузивни практики. |
| | **Соработка со заинтересирани страни** | Споделува информации со семејства и | Редовно соработува со родители, | Гради долгорочни партнерства и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | персонал за поддршка. | советници и колеги. | води стратегии за вклучување на семејства. |
| | **Професионална соработка и менторство** | Учествува на состаноци и набљудувања. | Заеднички планира часови и разменува стратегии. | Менторира колеги и придонесува во професионални заедници за учење. |
| **Дигитални и технолошки компетенции** | **Ефективна употреба на дигитални алатки** | Користи основни алатки (презентации, видеа, квизови) | Интегрира дигитални платформи и асистивни технологии. | Води тренинзи и кокреира дигитални ресурси за инклузивно учење. |
| | **Креирање интерактивни искуства** | Користи готова дигитална содржина (веб-страници, видеа). | Дизајнира пристапни и визуелно богати мултимедијални материјали. | Развива напредни дигитални проекти со AR/VR и адаптивни платформи. |
| | **Вклучување адаптивни технологии** | Користи титлови, суптитри и зголемен текст. | Избира и применува асистивни алатки (текст во глас, фонтови за дислексија). | Евалуира и приспособува алатки за пристапност на ниво на училиште или политика. |
| **Оценување и рефлексија** | **Оценување на резултати од** | Користи едноставни | Применува разновидни | Дизајнира инклузивни и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **учење** | алатки (листови за проверка, усни прашања) | методи (проекти, повратна информација од врсници). | крос-курикуларни оценки за еколошки предизвици |
| | **Користење повратна информација** | Понекогаш рефлектира врз основа на повратна информација. | Редовно ја приспособува наставата и поддржува самооцена на ученици. | Креира и води циклуси на повратна информација; поддржува колеги во рефлексија. |
| | **Следење на влијанието на еколошко образование** | Забележува интерес и мали промени (рециклирање, учество). | Собира повратна информација и податоци за евалуација на разбирање. | Фасилитира долгорочна евалуација на проекти и споделува резултати со публика. |

## Примена на нивоата на стручност

1. **Дизајн на MOOC курсот**

Секој модул од MOOC курсот ќе одговара на една област од рамката и ќе вклучува содржини за учење на сите три нивоа на стручност. Ваквиот дизајн им овозможува на едукаторите да се вклучат според сопственото темпо — почнувајќи од основно разбирање, па сè до напредна примена и лидерство. Учесниците можат флексибилно да се движат низ нивоата во согласност со нивните потреби и контекст.

2. **Оценување базирано на компетенции**

Нивоата на стручност поддржуваат и формативно и сумирачко оценување. Наставниците можат да ги користат за рефлексија на сопствената практика, идентификување на силните страни и планирање напредок. Алатките за оценување во рамките на MOOC курсот ќе бидат развојно ориентирани, а не оценувачки – со цел да им помогнат на едукаторите да напредуваат со самодоверба.

3. **Планирање на професионалниот развој**

Рамката служи како практичен водич за индивидуален и институционален развој. Им помага на наставниците и на обучувачите да ги идентификуваат приоритетните области, да поставаат лични цели за учење и да го структурираат континуираниот професионален развој во согласност со реалните потреби од наставата.

## 4. Примери за опис на компетенции

Овој дел покажува како секоја компетенција се развива низ трите нивоа на стручност — основно, средно и напредно — преку практични примери од училницата и заедницата. Примерите им помагаат на едукаторите да разберат како постепено да ја применуваат рамката, според сопствениот контекст и искуство.

**Област: Педагошки компетенции**
**Компетенција: Дизајнирање диференцирани наставни планови**

- **Основно ниво:**
  Разбира што значи диференцирана настава и применува една метода (на пример, приспособување на содржината според различни нивоа на способности).
  **Пример:** Создава час по природни науки каде што некои ученици користат визуелни помагала, а други прават кратко истражување.

- **Средно ниво:**
  Развива структуриран наставен план со користење флексибилно групирање, поддршка (scaffolding) и задачи поделени по ниво.
  **Пример:** На час по историја учениците работат во групи според нивото на читање, анализираат извори и заедно презентираат.
- **Напредно ниво:**
  Дизајнира сложени, меѓупредметни наставни планови и ги поддржува колегите преку споделување материјали или менторство.
  **Пример:** Координира училиштен проект за одржливост што ги комбинира природните науки, уметноста и писменото изразување, со ученички изложби и споделени шаблони за часови.

**Област: Компетенции за еколошко образование**

**Компетенција: Поттикнување еколошка одговорност**

- **Основно ниво:**
  Вклучување на учениците во едноставни активности како рециклирање или изработка на постери.
  **Пример:** Организирање сесија каде што учениците сортираат рециклирачки материјали и размислуваат за својот еколошки отпечаток.
- **Средно ниво:**
  Водење на учениците во практични, локално релевантни проекти.
  **Пример:** Поддршка на учениците при создавање и одржување екоградина во училницата, поврзана со часови по природни науки или граѓанско образование.
- **Напредно ниво:**
  Водење иницијативи со пошироко учество на заедницата и професионална соработка.
  **Пример:** Покренување локална кампања „Екоучилишта“ со ученици амбасадори, работилници за наставници и партнерства со НВО.

**Област: Компетенции за инклузивно образование**
**Компетенција: Поттикнување инклузивна култура во училницата**

- **Основно ниво:**
  Користење инклузивни материјали и воспоставување правила за почитување во училницата.
  **Пример:** Користење сликовници со ликови од различни културни, јазични и функционални заднини.
- **Средно ниво:**
  Интегрирање структурирани активности кои ја слават различноста и го поттикнуваат поврзувањето меѓу учениците.
  **Пример:** Организирање „Недела на различноста“ каде што учениците ги споделуваат семејните традиции и размислуваат за инклузијата.

- **Напредно ниво:**
  Преземање лидерска улога во промовирањето инклузија низ целото училиште.
  **Пример:** Развивање и водење обуки за наставници за инклузивен јазик и културно осетливо подучување.

**Област: Дигитални и технолошки компетенции**
**Компетенција: Креирање интерактивни искуства за учење**

- **Основно ниво:**
  Користење постојни алатки (на пр., видеа, квизови) за подобрување на часовите.
  **Пример:** Користење кратко видео за воведување тема и Kahoot! квиз за проверка на знаењето.
- **Средно ниво:**
  Креирање приспособени дигитални материјали што ја поддржуваат различноста на учениците.
  **Пример:** Изработка на дигитална игра „Лов на богатство“ со различни задачи според интересите и нивото на учениците.
- **Напредно ниво:**
  Дизајнирање тимски активности со мултимедија и адаптивна технологија.
  **Пример:** Организирање онлајн проект за раскажување приказни каде што учениците заедно создаваат екостории со слики и нарација.

**Област: Компетенции за оценување и рефлексија**
**Компетенција: Користење повратна информација за подобрување**

- **Основно ниво:**
  Прави мали приспособувања врз основа на неформална повратна информација.
  **Пример:** Откако учениците ќе кажат дека некоја задача била збунувачка, ги преформулира инструкциите за следната задача.
- **Средно ниво:**
  Собира и користи структурирана повратна информација за подобрување на учењето.
  **Пример:** Користи кратка анкета во Google Forms или групна дискусија за ревизија на наставните стратегии.
- **Напредно ниво:**
  Води активности за рефлексија на цело училиште или ги поддржува колегите во учење преку соработка.
  **Пример:** Организира работна средба за наставници на која се разгледуваат инклузивни наставни стратегии и заеднички се развиваат решенија.

## 5: Поврзување на рамката со MOOC и ресурсите

Рамката за компетенции DIFERAL служи како основа за дизајнот и развојот на MOOC курсот DIFERAL и придружните образовни ресурси. Секој MOOC модул одговара на една од петте области на рамката и вклучува содржина усогласена со трите нивоа на стручност.

Оваа усогласеност овозможува наставниците да добијат пристапна, практична и контекстуално осетлива обука. MOOC курсот ќе поддржува учење со сопствено темпо, овозможувајќи им на наставниците да рефлектираат за својот развој, да применуваат стратегии во училницата и да соработуваат со колеги од цела Европа.

## 1. Дизајн на MOOC базиран на рамката

Секоја област од рамката за компетенции одговара на конкретен MOOC модул, со што се обезбедува кохерентност меѓу дизајнот на курсот и развојот на наставниците. MOOC курсот ќе нуди флексибилен и инклузивен пат за сите наставници, од почетници до искусни практичари — да стекнат вештини усогласени со реалната практика.

**Предложени MOOC модули**

**Модул 1: Основи на диференцирана педагогија**
*Фокус:* Диференцирано планирање на часовите, активно учење, инклузивно управување со училницата
*Ресурси*: Шаблони, видеотуторијали, приспособливи структури на часови

**Модул 2: Интегрирање еколошко образование со диференцирана настава**
*Фокус*: Настава на еколошки теми, поврзување локални и глобални проблеми, поттикнување ученичка акција
*Ресурси:* Студија на случаи, интерактивни предизвици, алатки за планирање проекти

**Модул 3: Креирање инклузивни и културно одговорни училишни средини**
*Фокус*: Одговор на различни потреби, градење инклузивна клима, соработка со семејства и помошен персонал
Ресурси: Листи за проверка на еднаквост, улоги и игри, инклузивни практики за училница

**Модул 4: Дигитални алатки за инклузивно и еколошко образование**
*Фокус:* Користење пристапни и асистивни дигитални алатки за поддршка на инклузивна настава
*Ресурси:* Туторијали чекор по чекор (на пр., Padlet, Google Classroom, текст во глас), водичи за споредба на платформи

**Модул 5: Рефлексивна практика и оценување базирано на компетенции**
*Фокус:* Дизајн на инклузивни оцени, конструктивно користење повратна информација, евалуација на еколошки резултати од учењето
*Ресурси:* Поттикнувачи за рефлексија, примероци на рубрики, шаблони за инклузивна евалуација

**2. Интеграција на нивоата на стручност во MOOC курсот**

Секој модул обезбедува содржина и активности за сите три нивоа на стручност:

| **Ниво** | **Фокус** |
|---|---|
| **Основно** | Основно знаење (на пример, кратки видеа, речник, едноставни квизови) |
| **Средно** | Учење базирано на практика (на пример, задачи за дизајн на час, вистински случаи, размена со колеги) |
| **Напредно** | Примена и лидерство (на пример, активности за менторство, проекти за вклучување на заедницата) |

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

Учесниците може флексибилно да се движат меѓу нивоата според искуството и контекстот овозможувајќи персонализиран напредок.

**3. Развој на поддржувачки ресурси**

За да се подобри употребливоста, МООС курсот и рамката ќе бидат придружени со:

- **Микрокреденцијали:** Сертификати или значки усогласени со компетенции за секоја област или група вештини.
- **Интерактивни квизови и загатки:** Игри и активности кои ја зајакнуваат клучната содржина.
- **Бази на наставни планови:** Диференцирани и приспособливи планови поврзани со еколошко образование.
- **Комплети алатки и упатства:** Печатени и дигитални материјали за да им помогнат на наставниците да го применат наученото.

**4. Пример за интеграција на компетенции**

**Компетенција:** Поттикнување еколошка одговорност

| **Ниво на стручност** | **Пример во МООС модул** |
| --- | --- |
| **Основно** | Кратко објаснувачко видео: „Што е еколошка одговорност во образованието?“ |
| **Средно** | Комплет алатки и план за активност: „Започни кампања за рециклирање или зачувување во училницата“ |
| **Напредно** | Студија на случај и предизвик: „Дизајнирај иницијатива за одржливост во училиште и заедница“ |

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

## 5. Механизми за оценување и повратна информација

За поддршка на рефлексивно и одговорно учење, MOOC ќе вклучува:

- **Листи за самооцена** усогласени со областите на рамката
- **Поттикнувачи за пишување дневник** и алатки за рефлексија за продлабочување на увидите
- **Простори за повратна информација од колеги и експерти,** каде што е можно
- **Анкети и прегледи на активности** за следење на влијанието на курсот и континуирано подобрување.

ΙΔΡΥΜΑ ΚΡΑΤΙΚΩΝ ΥΠΟΤΡΟΦΙΩΝ IKY
Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

## Глосар на клучни термини

- **Адаптивни технологии:** алатки дизајнирани да им помагаат на лица со различни потреби за учење, како читачи на екрани, софтвер за глас во текст или титлови.

- **Диференцирана настава:** пристап во наставата кој приспособува содржина, процес или оценување за да одговори на различни потреби, интереси и профили на учениците.

- **Еколошка одговорност:** образовни практики кои им овозможуваат на учениците да преземат одговорни акции за заштита и подобрување на животната средина, локално и глобално.

- **Формативно оценување:** континуирани процени (на пример, квизови, набљудувања, рефлексии) кои ја информираат наставата и го поддржуваат учењето на учениците за време на наставниот процес.

- **Инклузивна училишна култура:** средина за учење каде што сите ученици се чувствуваат почитувани, поддржани и вреднувани без разлика на потекло, идентитет или способности.

- **Микрокреденцијали:** дигитални сертификати кои го потврдуваат стекнувањето на одредени вештини или компетенции преку целен процес на учење.

- **MOOC (масовен отворен онлајн курс):** онлајн курс дизајниран за големо учество, нудејќи бесплатен или отворен пристап до содржини и ресурси.

- **Менторство од колеги:** процес на соработка каде што едукаторите си помагаат меѓусебно во професионалниот развој преку споделување искуства, повратна информација и насоки.

- **Поддршка (scaffolding):** наставни техники кои обезбедуваат структурирана помош за полесно напредување на учениците, која постепено се повлекува со стекнувањето на независност.

- **Самооцена:** процес на процена на сопственото изведување или разбирање, често користејќи рубрики, листи за проверка или поттикнувачи за рефлексија.

- **Сумирачко оценување:** оцени кои се изведуваат на крајот од одреден период на учење (на пример, тестови, финални проекти) за мерење на вкупниот успех или усовршеност.

- **Нивоа на задачи (Tiered Tasks):** задачи со различно ниво на тежина или комплексност, дизајнирани да ги предизвикаат учениците според нивото на подготвеност.